Република Северна Македонија
**Министерство за социјална политика, демографија и млади**
Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Politikës Sociale e Demografisë dhe e të Rinjv**
MQS
ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА-ТЕТОВО
IP QENDRA NDERKOMUNALE PER PUNE SOCIALE-TETOVE
Оддел за административни и помошно-технички работи
Zyrra për punë administrative dhe menaxhim me resurse njerëzore

**Архивски број:** 04-285/11
**Датум:** 29.04.2025

Врз основа на член 188 став 6, член 212 став 17 од Законот за социјалната заштита (Службен весник на РСМ бр.104/19 бр. 146/19, бр.275/19, бр.302/20, бр.311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23) член 22 и член 23 од Законот за работни односи (Службен весник на РСМ бр.62/05, бр.106/08, …….., 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25,74/25 и 124/25), а во врска со член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен Весник на РСМ бр.27/14, бр.199/14, бр.27/16, бр.35/18, бр.198/18, бр. 143/19, 14/20 и 208/24) и член 22 став 9 од Статутот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Тетово бр. 0101-1546/2 од 24.06.2019 година, Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Тетово донесе:

# ОДЛУКА
## за избор на кандидат/и за вработување на определено време

1. За работното место **СОЗ0303А04021 Водител на случај во ЦСР – Психолог** - Самостоен стручен службеник од четврто ниво, во Служба за услуги од социјална заштита, Оддел за сместување на стари и возрасни лица во ризик, дневен центар за лица со ментална и телесна попреченост, помош и нега во домот и лична асистенција – **1 (еден) извршител** се избира кандидатот, ЕМИЛИЈА ЃУРЧИНОСКА:

2. По конечноста на одлуката, со избраниот/те кандидат/и од точка еден на оваа одлука ќе се склучи Договор за вработување на определено време за работните/то место/а за кое се/е избран/и.

3. Избраниот/те кандидат/и од точка 1 на оваа одлука ќе биде на пробна работа четири месеци, а по завршувањето на пробната работа потребно е да се стекне/ат со лиценца за работа во установата за социјална заштита.

3. Донесената одлука ќе биде објавена на огласната табла и на интернет страната на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа –Тетово. Одлуката за избор или неизбор на кандидати се доставува до кандидатите кои ја поминале административната селекција.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа - Тетово
IP Qendra nderkomunale per pune sociale - Tetove
Ул./Rr. "121" бр. /Nr. 2
Република Северна Македонија
Republika e Maqedonise se Veriut
+389 44331575
www.jumcsrTetovo@mlsp.gov.mk

**О б р а з л о ж е н и е**

В.Д. Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Тетово врз основа на Согласност за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии бр. 19-5726/2 од 08.07.2025 година, објави Јавен оглас бр. 01/2025 на 21.07.2025 година во дневните весници Слободен Печат и Коха за пополнување на слободни работи места за 7 (седум) извршители на определено време до 31.12.2025 година.

Со Решение бр. 04 – 285/3 од 21.07.2025 година В.Д. Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Тетово формира Комисија за селекција за вработување на 7 (седум) извршители на определено време по пат на јавен оглас во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Тетово.

Комисијата за селекција во функција на спроведувањее на постапката по објавениот јавен оглас број 01/2025 ја спроведе во две фази: административна селекција и интервју за работните места по огласот бр. 01/2025.

По завршената административна селекција (Записник бр. 04-285/4 од 25.07.2025 година) и интервјуто (Записник бр. 04 - 285/5 од 28.07.2025 година), Комисијата состави Ранг листа на кандидати и предлог кандидати за вработување (Ранг листи бр. 04 – 285/6 од 28.07.2025 година) и истите ги достави до В.Д. Директорот.

Врз основа на Ранг листата изработена во согласност со член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор, и прелогот за избор на прворангиран/и кандидат/и, В.Д. Директорот изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Државната Комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен во рок од 8 дена по приемот на оваа одлука.

**В.Д. Директор**
Магдалена Веселиноска

**Изработил:** Галаф Баки

**Доставено до:**
- Избраниот/те кандидат/и
- Кандидати кои ја поминале административната селекција
- Досие
- Огласна табла


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа - Тетово
IP Qendra nderkomunale per pune sociale - Tetove
Ул./Rr. "121" бр. /Nr. 2
Република Северна Македонија
Republika e Maqedonise se Veriut
+389 44331575
www.jumcsrTetovo@mlsp.gov.mk